# ИЗЈАВА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

**Пивара Скопје АД се стреми да го ограничи и минимизира своето влијание врз климатските промени и да ги извршува сите свои активности на одржлив начин.**

**Ние веруваме дека индустријата има клучна улога во изнаоѓање на одржливи решенија за актуелните климатски промени.**

**Директната емисија на стакленички гасови доаѓа пред се од употребата на енергија во производствените процеси и од дистрибутивните возила.**

**Индиректната емисија потекнува од суровините и материјалите за пакување, како и од разладните уреди на пазар.**

**Во согласност со нашата Политика за Заштита на животната средина, ние:**

- **Континуирано ќе ја намалуваме енергијата која се користи во нашите оперативни процеси**
- **Ќе применуваме алтернативни, обновливи извори на енергија и ќе ги поттикнеме нашите соработници да го прават истото**
- **Ќе работиме со добавувачите на суровини и материјали за пакување за намалување на емисиите на $CO_2$ кои потекнуваат од истите, како и за намалување на емисиите на $CO_2$ од уредите за разладување на пијалаци**
- **Ќе поставиме цели за намалување на емисијата на $CO_2$ од оперативните процеси**
- **Прецизно и транспарентно ќе известуваме за нашите остварувања и активности во врска со погоре наведените цели**

**10.05.2021**

**Маја Илиевска**
Менаџер за квалитет
Пивара Скопје АД